Судиска комисија ги разгледа спорните моменти од 7 коло на ПРВА МФЛ, и ги донесе следните заклучоци:

На натпреварот **Фк.Тиквеш-Фк.Вардар** одигран на 17.09.2023 година, анализирана е ситуацијата од 52 минута.

“Главен судија: Јован Качевски. Помошни судии: Разме Бакрачевски и Климент Ристоски.

52 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За доделен втор жолт-ЦРВЕН картон за играч од домашната екипа)

Играч на гостинската екипа беше во посед на топка на средина на терен, противнички играч со недозволен лизгачки старт од позади грб (на ногата на противникот) направи прекршок и со тоа ја спречи акцијата.

Исправна одлука на главниот судија, досуден слободен удар за гостинската екипа и доделен жолт картон за играчот на домашната екипа поради недозволен старт од позади грб (на ногата на противникот), бидејки тоа беше втор жолт картон за играчот на домакините, автоматски му беше доделен ЦРВЕН картон.

На натпреварот **Фк.Брегалница-Фк.Струга Трим Лум** одигран на 17.09.2023 година, анализирани се ситуациите од 21, 28, 53, 67 и 90+3 минута.

“Главен судија: Игор Стојчевски. Помошни судии: Слаѓан Марковски и Мартин Петковски.

21 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА ( За доделен втор жолт картон –ЦРВЕН картон за играч на гостинската екипа)

Играч на домашната екипа беше во посед на топка на средина на терен, противнички играч со недозволен лизгачки старт од позади грб (на ногата на противникот) направи прекршок и со тоа ја спречи акцијата.

Исправна одлука на главниот судија, досуден слободен удар за домашната екипа и доделен жолт картон за играчот на гостинската екипа поради недозволен старт од позади грб (на ногата на противникот), бидејки тоа беше втор жолт картон за играчот на гостите, автоматски му беше доделен ЦРВЕН картон.

28 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА ( За доделен втор жолт картон –ЦРВЕН картон за играч на домашната екипа)

Играч на гостинската екипа беше во посед на топка на средина на терен, противнички играч стартуваше невнимателно и на недозволен начин, нагазувајки ја со целото стапало ногата (долниот дел) на гостинскиот играч.

Исправна одлука на главниот судија, досуден слободен удар за гостинската екипа и доделен жолт картон за играчот на домашната екипа поради недозволен старт (газење со цело стапало на ногата на противнички играч), бидејки тоа беше втор жолт картон за играчот на домакините, автоматски му беше доделен ЦРВЕН картон.

53 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За недосуден пенал за гостинската екипа)

Играч на гостинската екипа се наоѓаше во 16-сетникот на домакините, истиот шутираше кон голот на домакините, топката се одби од земја и удри во телото/рака (која беше прилепена до телото) на играч на домакините кој беше завртен со телото сакајки да ја блокира топката.

Исправна одлука на главниот судија што дозволи играта да продолжи, бидејки во оваа ситуација немаше елементи за да се досуди пенал, бидејки раката на играчот на домакините беше прилепена до телото, играчот беше свртен со грб, а и топката го удри играчот во телото.

67 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За доделен ЦРВЕН картон на играч на гостинската екипа за спречување очигледна шанса за гол).

Играч на домакините додаде топка кон свој соиграч пред 16- сетникот на гостинската екипа, во моментот кога играчот на домакините ја прими топката и сакаше да тргне кон голот на гостите, предпоследниот играч од одбраната на гостите направи недозлолен старт над играчот и со тоа спречи очигледна шанса за гол.

Исправна одлука на главниот судија, досуден слободен удар за екипата на домакините и доделен ЦРВЕН картон за играчот на гостите за спречување очигледна шанса за гол.

90+3 минута: ПОГРЕШНА ПРОЦЕНКА НА ВТОРИОТ ПОМОШЕН СУДИЈА ( За досудено офсајд позиција- поништен регуларен гол за гостинската екипа) Играч на гостинската екипа додаде топка до свој соиграч во 16-сетникот на домашната екипа, во моментот на додавање на топката соиграчот се наоѓаше во дозволена позиција (пред предпоследниот играч од одбраната на домакините), истиот ја додаде топката до друг соиграч кој постригна гол.

Погрешна одлука на вториот помошен судија што досуди офсајд позиција, бидејќи играчот на гостите во момент на додавање на топката од соиграчот се наоѓаше во дозволена позиција (пред предпоследниот играч од одбраната на домакините).

На натпреварот **Фк.Работнички– Фк.Воска** одигран на 17.09.2023 година, анализирана е ситуацијата од 30 минута.

“Главен судија: Стојан Стојанов. Помошни судии: Христијан Џонов и Стојан Костадинов.

30 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За досуден пенал за домашната екипа)

Играч на домашната екипа беше во посед на топка во 16-сетникот на гостинската екипа и пред голманскиот простор од 5,5 метри, во моментот кога сакаше да шутира кон голот, играч од противничката екипа сакајки да стартува на топката направи недозволен старт (од позади грб) на ногата на играчот и направи прекршок.

Исправна одлука на главниот судија, досуден пенал за екипата на домакините поради недозволен старт(од позади грб) на гостински играч на ногата на противникот и исправно доделен жолт картон.

На натпреварот **Фк.Силекс– Фк.Шкендија** одигран на 17.09.2023 година, анализирана е ситуацијата од 19 минута.

“Главенсудија: Александар Ставрев. Помошни судии: Дејан Костадинов и Даниел Василевски.

24 минута: ПОГРЕШНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За досуден пенал за домашната екипа)

Играч на домашната екипа ја имаше во посед топката и продираше странично во 16-сетникот на гостинската екипа, до него се наоѓаше противнички играч, играчот на домакините си ја додаде топката понапред и иницираше минимален контакт со противничкиот играч, по што играчот падна за да изнуди пенал.

Погрешна одлука на главниот судија што досуди пенал, бидејќи во оваа ситуација немаше елементи за пенал.

Во оваа ситуација требаше да се досуди индиректен слободен удар за гостинската екипа и да се додели жолт картон за играчот на домакините за неспортски однос (симулација).

На натпреварот Фк.Шкупи-Фк.Брера А.П немаше спорни ситуации за судиска анализа.

Судиска комисија ги разгледа спорните моменти од 5 коло на ВТОРА МФЛ, и ги донесе следните заклучоци:

На натпреварот **Фк. Новаци – Фк. Башкими** одигран на 16.09.2023 година, анализирана е ситуацијата од 81 минута.

“Главен судија: Нинослав Нонков. Помошни судии: Вјлоца Изеири и Елена Соклевска.

81 минута: ПОГРЕШНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА ( За недосуден пенал за гостинската екипа)

Играч на гостинската екипа додаде долга топка до свој соиграч во 16-сетникот на домакините, на топката тргнаа голманот и играчот на гостите, играчот на гостите прв стигна до топката и ја удри топката со глава, за потоа голманот по инерција да направи недозволен старт над противничкиот играч скокајќи со цело тело над него.

Погрешна одлука на главниот судија, погрешно ја процени сидтуацијата и досуди слободен удар за голманот, иако голманот е тој што направи прекршок, бидејќи играчот на гостите прв стигна до топката и играше со неа.Во оваа ситуација главниот судија требаше да досуди пенал за гостинската екипа и да додели жолт картон за голманот на домакините поради недозволен старт.

На натпреварот **Фк.Кожуф - Фк.Пелистер** одигран на 16.09.2023 година, анализирани се ситуациите од 47, 54 и 90+4 минута.

“Главен судија: Стојан Трпчевски. Помошни судии: Давор Дишлиевски и Борис Трајков.

47 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА ( За досуден пенал за гостинската екипа)

Играч од екипата на гостите беше во посед на топката во 16-тникот на домакините и во изледна шанса , противнички играч направи лизгачки старт сакајќи да ја удри топкатата, меѓутоа не ја допира и прави недозвлоен старт на ногата на играчот, односно прави очигледен прекршок.

Исправна одлука на главниот судија, досуден пенал за гостинската екипа, поради недозволен старт (лизгачки старт на нога) на играч на домашната екипа над противнички играч.

Главниот судија беше одлично поставен и имаше добра и јасна прегледност.

54 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За досуден слободен удар за домашната екипа)

Играч на гостинската екипа центрира топка во 16-сетникот на домакините, играчот на домашната екипа пред да ја удри топката со глава, противнички играч со раката (лактот) се наслонува над него и го спречува да игра со топката правејќи прекршок, и потоа ја игра топката со глава и постигнува гол.

Исправна одлука на главниот судија, пред да е удрена топката со глава и постигнат гол, главниот судија свири слободен удар за екипата на домакините, поради недозволен старт (наслонување со рака/лакт на телото на противнички играч) на гостински играч.

Главниот судија беше одлично поставен, и донесе исправна одлука.

90+4 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За недосуден пенал за гостинската екипа)

Играч од гостинската екипа од слободен удар шутира кон голот на домакините, играч од живиот зид на гостнската екипа во својот 16-сетник скока да ја блокира топката и таа го удри во телото/рака (која беше прилепена до телото), при блокирањето играчот беше завртен со телото.

Исправна одлука на главниот судија што дозволи играта да продолжи, бидејќи во оваа ситуација немаше елементи за да се досуди пенал, бидејќи раката на играчот на домакините беше прилепена до телото, играчот беше свртен со грб, а и топката го удри играчот во телото/раката.

На натпреварот **Фк.Детонит - Фк.Беса** одигран на 16.09.2023 година, анализирани се ситуациите од 9 и 85 минута.

“Главен судија: Дејан Младеновски. Помошни судии: Душко Панов и Дејан Димитријевиќ.

9 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА (За недосуден пенал за гостинската екипа)

Играч на гостите додаде топка до соиграч во 16-сетникот на домашната екипа, соиграчот беше со грб свртен кон голот на домакините во моментот кога ја примаше топката , потоа дојде до минимален контакт со гостински играч и по тој контакт играчот падна сакајки да изнуди пенал.

Исправна одлука на главниот судија што дозволи играта да продолжи , бидејки контактот беше минимален и недоволен за да се досуди пенал.

85 минута: ИСПРАВНА ПРОЦЕНКА НА ГЛАВНИОТ СУДИЈА ( За доделен ЦРВЕН картон на гостински играч)

Играч на домашната екипа ја имаше топката во свој посед во половината на гостинската екипа, играч на гостите стратуваше со лизгачки старт над играчот на домакините, меѓутоа едната нога намерно ја дигна високо и на недозволен начин го удри играчот во телото.

Исправна одлука на главниот судија, досуден слободен удар за екипата на домакините и доделен ЦРВЕН картон за играот на гостинската екипа поради неспортски старт (при лизгачки старт високо подигната нога во тело на противник).

Од натпреварот **Фк.Осогово- Фк.Охрид**, судиската комисија иако не влијаат на резултатот, не е задоволна од двајцата асистенти од нивната професионалност во извршувањето на нивните обврски.

На останатите натпревари од ВТОРА МФЛ , немаше спорни ситуации за судиска анализа.